Почитувани,

Ве известуваме дека согласно Одлуката за водечкиот број на давателите на платежни услуги и стандардите за конструкција на платежните сметки од НБРСМ (Службен весник бр. 208/2026), бројот на платежната сметка што ја одржува Банката и преку која се извршуваат платежните трансакции во денари или во друга валута, Банката го конструира со користење на ИБАН стандардот.

Оваа промена е планирана за примена од **09.11.2026 година (Понеделник)**, односно **ќе се користи стандард ИБАН како единствена идентификациска ознака на денарските платежни сметки** со додавање на префикс MK07 пред постоечкиот број на платежната сметка на Корисникот во ББАН формат.

Халкбанк АД Скопје изврши промена на Рамковните договори за отворање, одржување и затворање на платежна сметка и други платежни услуги за правно лице резидент/нерезидент, Општи услови и претходни информации за обезбедување и користење на платежни услуги и **О**пшти услови за онлајн користење услуги поврзани со платежната сметка (интернет и мобилна апликација) за правни лица со следниве дополнување:

- Платежната сметка ќе биде со конструкција на ИБАН и издавањето на хартиена пластифицирана картичка ќе биде со ИБАН;
- Платниот налог не може да биде иницран со ББАН, односно Банката при иницирање, обработка и извршување на националните платежни трансакции ќе користи соодветен ИБАН формат, користејќи ја конструкцијата на доставените податоци за платежната сметка во ББАН формат кои се наведени во платниот налог од страна на Корисникот;
- Изводот во делот на прикажаните општи податоци на платежната сметка на Корисникот ќе се доставува со приказ на единствената идентификациска ознака со стандардот ИБАН односно со додавање на префикс MK07 пред бројот на платежната сметка на Корисникот во ББАН формат, додека во делот во кој се прикажуваат податоците за платежните сметки на плаќачот/ примачот ќе бидат прикажани во ББАН формат. Колоната “ Шифра” ќе биде прикажана со податоци од реализираните платежни трансакции со соодветната шифра која е во примена или без податок за шифра;
- Доставените инструкции во електронски документ преку електронска пошта до филијалите/експозитурите на Банката со потпишан формулар: “Овластување за задолжување на сметката” кои ќе содржат податоци со шифри на плаќање кои не се во примена, Банката при иницирање на налозите ќе врши замена на соодветната шифра која е применлива или ќе врши нивно отстранување.
- Доколку во известувањата, потврдите и другите информации кои Банката ќе ги доставува до Корисникот бројот на платежната сметка е прикажан во ББАН формат истиот ја претставува соодветната единствена идентификациска ознака на платежната сметка во ИБАН формат, чиј составен дел е прикажаниот ББАН;
- Доставените инструкции за онлајн услуги кои ќе содржат податоци со шифри на плаќање кои не се во примена, Банката при иницирање на налозите ќе врши замена или отстранување на соодветната шифра која е применлива или ќе врши нивно отстранување со што платниот налог ќе се реализира без шифра на плаќање.

Оваа измена се однесува и за постојните денарски платежни сметки на правните лица, без потреба за отворање на нова сметка за денарски плаќања.

Девизните сметки го задржуваат постојниот ИБАН број кој се користи за плаќања во девизи.

Повеќе информации за измените може да најдете на веб страната на Банката на Информација за регулаторни промени во платежни услуги.

Известувањето и целокупната документација е достапна и на веб порталот МОЈА СМЕТКА - ХАЛКБАНКА АД СКОПЈЕ.

Со почит,

Халкбанк АД Скопје